## ЛЕФТЕР МАНЧЕ, СПЕЦИЈАЛ



МАКЕДОНСКИТЕ ЕСТЕТСКИ ХИРУРЗИ НЕМААТ ДОВОЛНО СРЕДСТВА ДА ГИ СЛЕДАТ СВЕТСКИТЕ ИНОВАЦИИ

# ОД МАКЕДОНСКИ САКАМ ДА ЗЕМАМ

Пишува:
**Жаклина МИТЕВСКА**

**Јас не доаѓам да земам пари од мојот народ, а иако не живеам тука јас знам што сè се случува во Македонија. Постојано сум на Интернет и претплатник сум речиси на сите македонски весници. Колку што можам ѝ помагам на Македонија. Во Охрид доаѓам поради македонскиот дух, а не поради хотелот "Метропол", во Скопје не доаѓам поради "Холидеј ин", туку чувствувам голема радост кога кафето го пијам покрај кејот на Вардар, вели Лефтер Манче.**

Република Македонија има Македонци кои во светот се докажани на секое поле. Еден од нив е доктор Лефтер Манче, роден во село Загоричани, Егејскиот дел на Македонија. Во март 1948 година, како дете бегалец, заминал за Унгарија, каде што завршил средно образование. Дипломирал на Факултетот за физичко воспитание, а потоа и на Медицинскиот факултет, на кој во 1965 година дипломирал со највисока оценка, и добил понуда да остане да работи на универзитетската клиника. До 1973 година работел како асистент професор на Медицинскиот факултет во Дебрецен. Таму се запознал со идната сопруга и ги добил своите два сина.

"Во 1965 година, кога ги положив сите испити, станав доктор. Требаше четири години да работам како помошник, а во октомври 1969 година, по положувањето на испитите за генерален хирург, ме унапредија во асистент професор. Во 1973 година од Универзитетот ме испратија во Киев, Русија, а откако ми се појави статија за канцерот на дојката во еден германски весник, во април истата година ме поканија во Копенхаген. По престојот таму решив мојата специјализација да ја продолжам во Канада, каде по 6 месеци ми дојде и семејството. Но, во Канада ништо не ми признаа од положените испити и морав да почнам од почеток. Прво требаше да ги положам американските испити, во што успеав за две години. Со нив се покажува дека имате знаење за доктор. Во 1975 година работев во универзитетската клиника во Отава, а до 1979 година ги положив и канадските испити, по што втор пат станав специјалист. Значи, специјалист бев и во Унгарија и во Канада. Кога ги положив испитите видов дека во Отава нема заболени од канцер, што беше мојата специјализација, па затоа решив да специјализирам естетска хирургија. На 15 јануари 1980 година во Отава ја отворив првата приватна клиника. Специјализирав само за 5 операции: трансплантација на коса, липосукција, естетика на гради, пластика на лице и пластика на очи и ги вршев само нив. Во 1984 година заминав за Кан каде се одржу-

# ТЕ ПАЦИЕНТИ НЕ НИТУ ЕДЕН ДЕНАР

ваше првиот Светски конгрес на пластичари за липосукција. Кога се вратив дома почнав да оперирам. Моето име се појави на канадските телевизии, а во 1986 година бев поканет да пишувам вовед за липосукција и тоа беше прва статија во канадската медицинска литература. Оттогаш луѓето дознаа за мене и за липосукцијата, доаѓаа пациенти од Ванкувер, Америка, Индонезија", го објаснува својот професионален ангажман господинот Манче.

## СТРУЧНОСТ

Во Канада доктор Лефтер Манче има направено повеќе од 10.000 операции во кои се вклучени: трансплантација на коса, липосукција, естетика на гради, пластика на лице и пластика на очи. Доктори од речиси цел свет доаѓале бесплатно да учат од него. Доаѓале и од Унгарија и од Македонија. Во 1986 година одржал предавање за липосукција во Будимпешта, по што добил покана и од едно унгарско списание за хирургија да пишува токму на оваа тема. Во канадската и во унгарската литература се појавиле неговите први статии за липосукција. А такви статии се појавиле и во француски медицински весници. На оваа тема д-р Манче предавал ширум светот, а учествувал и на многу конгреси за претходно спомнатите 5 операции од областа естетска хирургија.

Господинот Манче им помага и на македонските естетски хирурзи, да добијат стипендија за усовршување во странство.


ВО КЛИНИКАТА "АТЛАНТИК" ВО БУДИМПЕШТА ЛЕФТЕР МАНЧЕ ЗАЕДНО СО СВОЈОТ СИН ВРШИ ТРАНСПЛАНТАЦИЈА НА КОСА

"Во 1995 година со проф. д-р Андреја Мишковски во Клиниката за пластична хирургија во Скопје ги извршивме првите операции за липосукција и за трансплантација на коса. Подоцна тој отвори своја клиника, но набрзо почина. Почнав да соработувам со многу други македонски колеги, со д-р Огнен Даскалов, Ѓорѓи Ѓокиќ, Лиле Дамеска, а имам вршено операции за пластична хирургија и во 'Ре Медика'", вели Манче.

Иако Лефтер Манче е познат светски хирург за естетски и за пластични интервенции, сепак македонскиот дух и патриотизам постојано се присутни кај него.

"Сум оперирал, многу Македонци, но од ниту еден не сум примил ниеден денар за интервенцијата. Дури не сакам ниту подароци. Јас не доаѓам за да земам пари од мојот народ, а иако не живеам тука, сепак знам што сѐ се случува во Македонија. Постојано сум на Интернет и претплатник сум на речиси сите македонски весници. Колку што можам ѝ помагам на Македонија. Во Охрид доаѓам поради македонскиот дух, а не поради хотелот 'Метропол', во Скопје не доаѓам поради 'Холидеј ин', туку чувствувам голема радост кога кафето го пијам покрај кејот на Вардар".

## ХУМАНОСТ

Манче постојано е на релација Канада, Унгарија, Македонија. Годинава по трет пат е во Македонија. Во Будимпешта неговиот син има клиника за трансплантација на коса. Но, немал право да оперира, тоа можел да го прави само во присуство на татко му Лефтер Манче. А, тој, пак, ни објаснува дека кога е во Будимпешта живее во мал хотел, а трошоците му ги плаќа клиниката. Станува збор за "Атлантик" клиниката, таа е единствена клиника во Унгарија која се занимава само со трансплантација на коса.

Од 1 септември оваа година, во Канада господинот Манче прави операции само за трансплантација на коса бидејќи, како што вели самиот, годините си го прават своето.

Го прашавме што мисли за македонското здравство и за опремата со која располагаат нашите клиники, конкретно за таа пластична хирургија.

"Кога правам трансплантација на коса со себе си ги носам моите инструменти. Истото тоа се однесува и за липосукцијата. За време на една кампања зборував на Македонија да ѝ помогне една американска компанија со вакви инструменти. Но, помошта не дојде. Нашите естетски хирурзи немаат доволно средства да ги следат светските иновации. А на пациентите кои имаат пари им е полесно да одат во Загреб, Љубљана, Виена, Солун...".

Во однос на опременоста на приватните клиники, тој особено ја истакнува "Ре Медика". Според него, многу високо котира и клиниката на д-р Анчевски. Лефтер Манче планира и натаму да доаѓа во Македонија и да им помага на пациентите. Исто така, ќе продолжи да му помага и на својот народ на секое поле.